USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

***ДА СЕ ОБЈАВИ ВЕДНАШ***
3 Октомври 2007
Канцеларија за комуникации: +389 (0)2 308-0446
Мобилен телефон: +389 (0)70 367 547
Email: bvelickovska@usaid.gov
http://macedonia.usaid.gov

# СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

## Агенцијата на САД за Меѓународен Развој - УСАИД го затвори проектот кој ја направи Македонија првата безжична интернет земја во светот

Во изминатите три години проектот на УСАИД, "Македонија се поврзува", (MK Connects), овозможи бесплатен широкопојасен интернет за околу 550 училишта низ целата земја, овозможи интернет пристап за локалните бизниси и поединци по пристапни цени, и го зголеми бројот на интернет корисници низ целата држава.

"Проектот Македонија се поврзува, драстично го смени животот во Македонија помагајќи и да стане препознатлива како прва безжична интернет земја во светот, и овозможи конкуренција која драстично ги намали цените на интернет пристапот," изјави Амбасадорката на САД, Џилиан Миловановиќ.

Преку проектот "Македонија се порвзува", се обезбеди бесплатен интернет пристап за неколку општини во Македонија, коинцидирајќи со процесот на децентрализација. Оппштините го искористија интернет пристапот и развија софистицирани интернет страници и портали преку кои граѓаните може да добијат информации за услугите што ги нудат општините. Подобрениот квалитет на услугите на граѓаните, ја зголемува широката поддршка на процесот на децентрализација и ја приближува владата поблиску до граѓаните. Ова претставува позитивен пример на добро владеење од светска класа, имплементиран на локално ниво.

Покрај интернет пристапот, на наставниците и учениците им се овозможени додатни драгоцени средства за унапредување на процесот на настава и учење преку првиот училишен веб портал во Македонија (www.schools.edu.mk). Овој портал им овозможува на наставниците и учениците бесплатно креирање и користење на електронска пошта, споделување на образовни ресурси, како и бесплатно креирање и сместување на училишните интернет страници. Преку илјада наставници добија бесплатна обука за креирање на интернет страници.

Со завршувањето на проектот "Македонија се поврзува", бесплатниот интернет пристап за училишата, овозможен од УСАИД, ќе заврши на 31 Декември 2007. Амбасадорката Миловановиќ изјави: "Клучен елемент за кој Владата мора да има план е продолжување на интернет пристапот за училиштата. Ова е круцијален момент, затоа што без интернет пристап, инвестициите во технологија што двете влади ги направија нема да ги постигнат очекуваните резултати.

БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИКОТ:
Од 1993 година досега, Американскиот народ преку УСАИД, инвестира околу 500 милиони долари во Македонија. Во моментот се имплементираат повеќе од 20 проекти со вредност од 25 милиони долари годишно. Овие проекти се дизајнирани да ја подржаат Македонската транзиција кон мулти-етничка демократијата со слободен пазар. Тие содржаат иницијативи за забрзување на економскиот раст, развој на демократски институции, и едукација на граѓаните за модерна економија. УСАИД дава економска и хуманитарна помош во повеќе од 100 држави.
За повеќе информации, посетете ја веб страната http://macedonia.usaid.gov